# П Р О Г Р А М А

## за соработка со родители во учебна 2020 – 2021 година

Програмата за соработка со родители ја изработува училиштето со цел воспоставување и одржување на ефективен и задоволувачки однос на училиштето со родителите кој ќе ја подобри соработката меѓу училиштето и родителите и ќе влијае позитивно на напредокот на ученикот. За одржување на ефективен однос меѓу училиштето и сите субјекти во училиштето и родителот потребно е истиот да се одвива низ неколку облици кои обезбедуваат континуитет во соработката и начини на соработка која ќе биде информативна за родителот и наставникот и можност за наставникот правилно да го води родителот низ тековниот образовен и воспитен процес, но и можност позитивно влијание на наставникот и родителот на интелектуалниот, социо-емоционалниот развој на ученикот и училишниот успех. Секој субјект во училиштето со различна улога и задолженија соодветно на улогата воспоставува и соодветен облик на соработка со родителот. Подолу се наведени облиците на соработка со родители кои ги планира училиштето.

Соработката меѓу училиштето, пред се класниот раководител, наставникот, педагогот/психологот, и родителот е од голема важност пред се поради потребата од размена на информации кои се однесуваат на физичкиот, интелектуалниот, социо-емоционалниот и моралниот развој на ученикот. Семејната ситуација - во какви услови живее, дали постојат услови за работа и учење, дали некој го надзира неговото учење и развој, односот со блиските, што прави во слободото време, како го минува времето вон домот, социјалниот живот и.т.н. се неколку од многуте фактори кои може да го одредуваат однесувањето на ученикот во училиштето и начинот на кој одговара на училишните обврски. Наставникот може да влијае позитивно на однесувањето на ученикот кога има увид во целокупната сосотојба и ситуација на ученикот, што особено пак се однесува на учениците со посебни потреби.

Со цел обезбедување на оптимални услови за развој и учење на ученикот и одвивање на наставата во училиштето неопходно е да се одржува континуирана соработка меѓу училиштето и родителите. Таа соработка се одвива преку:

- Информирање на родителите за успехот, редовноста и поведението на ученикот
- Информирање за посебните вештини или потешкотии кои ги покажува ученикот и соработка во поддршката и помошта која може училиштето да ја пружи на ученикот
- Одржување на однос со родителот во кој ќе се чувсвува сигурен да ги сподели потешкотиите или специфичната состојба кај ученикот кои може да влијаат на однесувањето на ученикот во училиштето
- Унапредување на соработката и довербата на родителите кон училиштето и наставничкиот тим;
- Промовирање на активната улога на родителите во осмислувањето, изведувањето и евалуацијата како на наставните, така и на воннаставните активности;
- Зајакнување на соработничките односи помеѓу родителите со различно етничко, верско, културно потекло;

Контактите на училиштето - наставник, класен раководител, психолог/педагог со родителот потребно и се вложува напор да биде отворен, со меѓусебно разбирање и подготвеност за соработка за да се создаде и одржи довербата и соработката. Со цел вклучување на родителите во училишниот живот и активности се предвидуваат отворени денови, покани на прослави на патронатот на училиштето, одбележување на државни празници и други значајни дати, вклучување во реализација на научно-истражувачки екскурзии и проекти кои се реализираат во рамки на секоја учебна година. На овој начин родителите стануваат партнери на училиштето при изборот и обликувањето на содржините и активностите.

*Наведените активности во однос на соработка и комуникација со родителите се редовно практикувани во рамки на работата на училиштето. Во текот на учебната година 2020-2021 начинот на работа ќе се реализира преку почитување на насоките на работа, Протоколот и Планот на на постапување на МОН во услови на пандемија на Ковид 19.

| Облик на соработка според подрачја на делување во училиштето | Вид на активност/и | Вклучени лица | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.Учење и настава** | 1.1 Родителски состаноци – информации за успехот и постигнувањата на учениците | -родител<br>-класен раководител<br>-стручна служба<br>-директор<br>-наставник | -планирани/договорени термини по предвидените квартали<br>-вонредни родителски средби соодветно на актуелни потреби |
| | 1.2 Комуникација со родителите преку доставување на известувања во е- дневникот | -класен раководител<br>-родител<br>-наставник | -Септември - мај |
| | 1.3 Приемни денови на наставниците за родители | -наставник<br>-родител<br>-психолог/педагог | -планирани/договорени термини по предвидените квартали |
| | 1.4 Личен контакт наставник-родител по барање на наставник | -родител<br>-наставник<br>-класен раководител<br>-психолог/педагог | -во текот на учебната година соодветно на потреба поврзана со ученик или училишна активност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1.5 Реализација на програма Советување на родители во однос на успех и потешкотии во учење кај ученик | -родител<br>-психолог/педагог<br>-класен раководител | -планирани/договорени термини по предвидените квартали<br>-во текот на учебната година соодветно на потреба поврзана со ученик |
| | 1.6 Известување за постигнувања и успех, состојби и заклучни согледувања во вид на квартални извештаи | -Одбор на родители<br>-совет на родители<br>-наставник<br>-директор<br>-педагог | -планирани/договорени термини по предвидените квартали |
| | 1.7 Соработка со родители и ученици со посебни образовни потреби | -родител<br>-наставник<br>-класен раководител<br>-психолог/педагог | -во текот на учебната година соодветно на потребите на ученикот, училишните задолженија или планиран разговор со родител |
| **2. Училишна клима и односи** | 2.1 Родителски состаноци – информации за поведението на ученикот и потреби поврзани со клима во училиште | -родител<br>-психолог/педагог<br>-класен раководител | -планирани/договорени термини по предвидените квартали |
| | 2.2 Отворен ден за родители | -родител<br>-наставник<br>-класен раководител<br>-психолог/педагог | -планирани/договорени термини по предвидените квартали |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2.3 Средби со родители наменети за известување и запознавање на родителите со различни аспекти од работата на училиштето, поставени цели, организација, одлуки за работа на училиштето, идни активности, екскурзии и др. | -Одбор на родители<br>-Совет на родители<br>-наставник<br>-директор<br>-педагог | -планирани/договорени термини по предвидените квартали |
| | 2.4 Реализација на програма Советување на родители во однос на поведение и манифестирање на несоодветни облици на однесување | -родител<br>-психолог/педагог<br>-класен раководител | -планирани/договорени термини по предвидените квартали<br>-во текот на учебната година соодветно на потреба поврзана со ученик |
| **3.Партнерски однос на училиштето со родителите** | 3.1 Реализација на проекти или други училишни, воннаставни активности во училиштето | -родител<br>-наставник<br>-класен раководител<br>-психолог/педагог<br>-директор | -во текот на учебната година според планирани активности поврзани со проект, активност |
| | 3.2 Вклученост во реализација или одбележување на манифестации, патронат и др. | -родител<br>-наставник<br>- директор<br>-психолог/педагог | -во текот на учебната година според планирани активности поврзани со проект, активност |
| | 3.3 Соработка низ работилници | -родител<br>-наставник<br>-психолог/педагог | -во текот на учебната година според планирани активности поврзани со проект, активност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 3.4 Посета на работно место на родители | -родител<br>-наставник<br>-психолог/педагог | -во текот на учебната година според планирани активности поврзани со проект, активност |